Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 23.06.2023

На 22.06.2023 во 21.15 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Г.(21) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.06.2023 во 04.30 часот на ул.„Панко Брашнаров" во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип го привеле Е.И.(29) од Штип. Тој бил осуден на казна затвор од пет години за сторени кривични дела „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик, а бил баран по централна потерница за доиздржување на три месеци од казната. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Струмица за доиздржување на казната.

На 23.06.2023 во 00.30 часот на булевар „Ослободување" во Кичево, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Кичево го лишиле од слобода В.Ц.(36) од Кичево, затоа што кај него били пронајдени и одземен кокаин. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.06.2023 во ОВР Прилеп, Р.Ј.(49) од Прилеп пријавил дека на место викано „Плетвар", прилепско, при ископ на темел за викенд куќа пронашол артилериска граната калибар 75 мм од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување. За понатамошна постапка

На 22.06.2023 околу 21.00 часот во атар на с.Пласница, полициски службеници од ОВР Македонски Брод ги лишиле од слобода М.Б.(34), М.Р.(41) и Џ.Џ.(64), сите од с.Пласница.
Тие биле затекнати како со возило „фолксваген венто" превезуваат огревни дрва без документација. Возилото и дрвата биле одземени за понатамошна постапка, а по целосно документирање на случајот против лицата ќе следува соодветна пријава.

На 22.06.2023 во 11.30 часот на граничен премин „Табановце", полициски службеници ги лишиле од слобода В.К.(61) и Г.К.(58), двајцата од Република Србија, затоа што по извршена пасошка контрола било констатирано дека се наоѓаат на Стоп – листата, бидејќи се предмет на потрага со меѓународна потерница издадена од Интерпол. Лицата се предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 22.06.2023 во 19.30 часот на граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода Б.М.(31) од Република Албанија, со македонска лична карта за привремен престој, затоа што по извршени гранични проверки било констатирано дека за него има мерка „апси" по потерница издадена од Одделението за потраги, Сектор за меѓународна полициска соработка и Полициската станица Кавадарци. Лицето било предадено на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (22.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 334 возачи. Од нив, 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 200 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 134 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (22.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 354 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 107 санкции, 27 мерки за возење без возачка дозвола, 25 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, пет мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се и 15 санкции за користење мобилен телефон при управување возило, 22 мерки за некористење сигурносен појас, пет санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

На 22.06.2023 во 18.15 часот во Полициската станица Радовиш било пријавено дека на регионален пат Радовиш – село Ораовица, радовишко, на место викано „Рудина", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди" со радовишки регистарски ознаки, управувано од Г.В.(30) и мотоцикл „хонда" без регистарски ознаки, управуван од С.Т.(28), двајцата од село Ораовица. Од здобените повреди на местото на несреќата починал мотоциклистот, а смрт констатирал лекар од Здравствен дом Радовиш. Увид извршиле Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш и екипа од Полициска станица Радовиш.

На 22.06.2023 околу 18.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Александар Ждраревски", Р.С.(41) од Скопје, управувајќи трицикл, изгубил контрола и паднал на коловозот заедно со малолетна сопатничка. По несреќата, двајцата биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде на возачот Р.С. му биле констатирани телесни повреди. Малолетната сопатничка се здобила со тешки телесни повреди и по укажаната помош починала. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатата било дадено на обдукција.

На 22.06.2023 во 17.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Христијан Тодоровски Карпош" во Скопје, патничко возило „фиат пунто" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.З., изгубило контрола и излетало од патот. По несреќата, М.З. била пренесена во Градската општа болница „8 Септември" каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 22.06.2023 во 12.40 часот, С.И.(44) од Кичево во полициска станица пријавила дека на локален пат во селото Другово била касната од куче скитник. Истиот ден, Р.А.(59) од кичевското село Зајас пријавила дека на локален пат во селото била касната од куче скитник.

На 22.06.2023 во 17.45 часот во Полициската станица Центар, С.Х.(30) од Скопје пријавил дека во Градски парк бил каснат од куче скитник.

Денеска (23.06.2023) полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија при СВР Скопје ги лишиле од слобода И.Д.(42) и А.А.(43), двајцата од Скопје. При претрес во домот на И.Д, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени хероин и дигитална вага. Исто така, во домот бил затекнат А.А.. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.06.2023 во реонот на вештачкото езеро во Прилеп, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Старавина при Регионалниот центар за гранични работи Југ и полициски службеници од ОВР Прилеп ги затекнале Н.Ј.(44), И.К.(25),С.А.(25) и Ѓ.И.(29), сите од Прилеп, при нелегален транспорт на огревно дрво, со едно моторно возило и четири запрежни коли. Дрвата, моторното и запрежните возила, како и три моторни пили, биле одземени и предадени на Шумска полиција Прилеп за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 22.06.2023 околу 14.00 часот, при контрола во патниот сообраќај на локален пат во општина Вевчани, полициски службеници сопреле товарно возило „мерцедес", кое вршело транспорт на огревно дрво, управувано од С.Џ.(24) од струшко село Октиси. По извршени проверки било констатирано дека тој вршел нелегален транспорт на огревно дрво, за што е известена Шумската полиција од Струга. По комплетно расчистување на случајот, согласно Законот за шуми, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.06.2023 околу 16.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 35-годишниот М.О. од гостиварско Дебреше, кој претходниот ден бил пријавен од 60-годишен турски државјанин, заедно со 26 негови сонародници, дека со уште едно лице од Гостивар ги измамиле и не им го платиле договорениот износ за извршување градежни работи на гостиварското подрачје. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 22.06.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 20 прекршоци од кои 12 надвор од населено место и 8 во населено место. Истиот ден, во периодот од 10.00 до 14.00 часот, била спроведена акциска контрола на возачи кои не даваат првенство на минување на пешаци. Притоа биле санкционирани 4 возачи. Санкционирани биле и 23 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 1 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас, 3 за користење мобилен телефон...

На 22.06.2023 во периодот од 10.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола на возачи кои не даваат првенство на минување на пешаци. При контролата биле откриени и санкционирани 17 прекршоци (ТЕ-16 и ГВ-1). На сите возачи-прекршители изготвени им се поднесоци.

На 22.06.2023 во 22.55 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на крстосница од ул. „Петар Ацев" и ул„Тризла" во Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „априлија", управуван од П.И.(19) од Прилеп и патничко возило „мицубиши" со прилепски регистарски ознаки, управувано од О.С.(40) од Прилеп. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот П.И., додека со телесни повреди се здобиле А.П.(18) од Прилеп, сопатник на мотоциклот, возачот О.С. и неговиот сопатник С.С.(27) од Прилеп, констатирани во Градска болница Прилеп. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Прилеп.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.З.(31) од Холандија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 20.06.2023 на граничен премин „Табановце", полициски и царински службеници извршиле преглед на патничко возило „фолксваген поло", кое го управувал, при што кај него биле пронајдени и одземени кокаин и хашиш.

На 23.06.2023 во 10.00 часот во Полициската станица Драчево, Д.П.(74) од Скопје пријавил дека во населба Драчево бил каснат од куче скитник.

На 22.06.2023 во 11.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека на булеварот „Македонски просветители" во Охрид, патничко возило „киа" со струшки регистарски ознаки, кое го управувала Е.К.(60) од Струга, удрило во велосипед, управуван од С.И. (76) од Охрид. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Увид на местото извршила екипа од СВР Охрид.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Џ.У.(49) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „употреба на фалсификувана исправа". На 11.02.2023 на патот Ресен-Прилеп, по случена сообраќајна незгода, пријавениот на увид приложил претходно поништена возачка дозвола, односно ја приложил дозволата за која во септември пријавил дека му била изгубена и врз основа на тоа му била издадена нова, а таа била поништена.

На 22.06.2023 во 17.49 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека пред основно училиште на подрачје на Кисела Вода бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Р.(29) од с.Баница, струмичко и А.Ѓ.(44) од Скопје, при што Д.Р употребил тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.